Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
Бр. 05-94/8
03.02. 2015 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство,градежништво
трговија и услуги
АНИТЕРМ ДООЕЛ извоз-увоз
Бр. 03/2015
04.02.2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 165 а во врска со член 100 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ", број 136/07)

**1.ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ,** единица во состав на Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола, со седиште на ул. „1„ Колонија Идризово бр. 2А-Скопје, ЕДБ 4043009100089 Трезорска сметка 100000000063095, Буџетска сметка 160016125560319 програма 42, и сметка на самофинансирачки активности 160016125578810,депонент НБМ, застапуван од Деканот на Факултетот, проф.д-р Оливер Бачановиќ, како набавувач (во понатамошниот текст : Договорен орган), и

**2. ДПГТУ"АНИТЕРМ" ДООЕЛ Скопје** со седиште на Ул. "Панче Неделковски" бр.55/3, , со ЕДБ 4030005530998, жиро сметка бр.200001439064638, застапувано од Управителот Љупчо Костовски како понудувач (во натамошниот текст: Носител на набавката), од друга страна, го склучија следниот

18

# Д О Г О В О Р
***за набавка на услуга***

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е сукцесивна набавка на услуга - одржување и сервисирање на клима уреди и други разладни уреди за потребите на Факултетот за безбедност за 2014/2015 година, согласно тендерската документација и понудата од ДПГТУ"АНИТЕРМ" ДООЕЛ Скопје , кои се составен дел на овој договор.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Цената на горенаведените стоки е утврдена во понудата дадена од страна на Носителот на набавката, и е прикажана во МКД.

На вкупната цена дополнително ќе се пресметува 18 % ДДВ.

Вкупната вредност на набавката нема да го надмине износот од 5.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 3**

Носителот на набавката се обврзува предметната набавка - услуга утврдена во член 1 на овој Договор да ја изврши по нарачка, согласно потребите на Договорниот орган.

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува договорената набавка – услуга од член 1 на овој Договор да ја изврши квалитетно, и согласно стандардите во таа област.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 5**

Договорените цени, Договорниот орган ќе ги исплаќа по вирмански пат, на жиро сметка на Носителот на набавката во рок од 30 дена по приемот на секоја фактура за секоја сукцесивна набавка, и истите нема да се менуваат за време на траењето на Договорот.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорот се склучува на определено време од 1 (една) година од денот на склучувањето, односно до исполнувањето на Договорот од двете договорни страни.

**ВИША СИЛА**

**Член 7**

Во случај на виша сила договорните страни се согласни да се исплатат само настанатите права и обврски, пред настапувањето на вишата сила.

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на Договорот, до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила, должна е вок од 24 часа, писмено да ја извести другата договорна страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 8**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, а доколку не се изнајде обострано прифатливо решение, сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 9**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна, без одлагање по писмен пат.

Доколку Договорот ќе се раскине пред истекот на рокот определн во член 6 од овој Договор по вина, евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**ЗАКОНИТОСТ И ЕТИЧНОСТ**

**Член 10**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за законито и етичко однесување за време на реализацијата на овој Договор.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 11**

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

**Член 13**

Овој Договор е составен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **ДОГОВОРЕН ОРГАН** | **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА** |
| **Факултет за безбедност - Скопје** | **ДПТУ"АНИТЕРМ" ДООЕЛ Скопје** |
| **Декан** | **Управител** |
| **Проф. д-р Оливер Бачановиќ** | **Љупчо Костовски** |

УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ Република Македонија СКОПЈЕ БИТОЛА

Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги АНИТЕРМ ДООЕЛ извоз-увоз Скопје